**20261392027**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 53 став (14) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОБУКАТА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ЗАВРШЕНА ОБУКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење, начинот на нејзиното издавање и одземање, начинот на спроведување на обуката, висината на надоместокот за обуката и формата и содржината на уверението за завршена обука.

Член 2

(1) Лиценцата за вештачење се издава на образец, отпечатен на кунздрук хартија со бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на образецот на лиценцата од ставот (1) на овој член, е дадена во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Лиценцата за вештачење се издава врз основа на поднесено барање за издавање на лиценца за независен ревизор за сајбер безбедност и приложена потребна документација од страна на барателот.

(2) По доставувањето на барањето од ставот (1) на овој член, се проверува доставената документација и ако истата е комплетна, на барателот му се издава лиценца за вештачење.

(3) Лиценцата за вештачење се издава од страна на министерот за дигитална трансформација.

Член 4

(1) Во случај на губење или оштетување на лиценцата за вештачење, имателот ја огласува за неважечка во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и за тоа го известува министерот за дигитална трансформација и му се издава нова лиценца.

(2) Во случај на исполнување на законските услови за одземање на лиценцата за вештачење, се одзема лиценцата и лицето се брише од Регистар на независен ревизор.

Член 5

(1) Обуката за безбедност на мрежни и информациски системи се спроведува во повеќе модули кои се утврдуваат со Наставна програма за безбедност на мрежни и информациски системи (во натамошниот текст: Наставна програма),.

(2) Деталната содржина на секој од модулите од обуката за безбедност на мрежни и информациски системи со вклучени градиво, прописи и литература се разработува во Наставната програма од страна на Министерството за дигитална трансформација.

(3) Наставната програма се објавува на веб- страницата на Министерството за дигитална трансформација.

(4) Обуката за безбедност на мрежни и информациски системи се состои од предавања по модулите од ставот (1) на овој член и практични примери.

(5) Доколку не се пријават најмалку 10 кандидати, може да не се спроведува обуката за безбедност на мрежни и информациски системи.

(6) Обуката за безбедност на мрежни и информациски системи за предметите од Наставната програма ја спроведуваат предавачи (едукатори) ангажирани од страна на Министерството.

(7) Предавачите (едукатори) ангажирани од страна на Министерството за дигитална трансформација за спроведување на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи треба да поседуваат универзитетско образование и работно искуство од 10 години во соодветната област за која ќе држат предавања.

(8) Во спроведување на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи, може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и странство.

Член 6

(1) За посета на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи, кандидатот до Министерството за дигитална трансформација поднесува пријава за учество на обука за безбедност на мрежни и информациски системи.

(2) Висината на надоместокот за обука за безбедност на мрежни и информациски системи се определува од страна на министерот која се донесува по завршувањето на рокот за пријава на кандидатите, врз основа на реално направените трошоци неопходни за ангажирање на обучувачите, изготвување на материјали, покани и изготвување на уверенија.

(3) Надоместокот за учество на обука кандидатите го уплаќаат на сметката на Министерството, најдоцна 10 дена пред денот определен за почеток на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи.

(4) Ако надоместокот за учество на обука кандидатот не го уплати во рокот пропишан во став (3) на овој член, на кандидатот нема да му се дозволи присуство на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи.

(5) Датумот и времето на одржување на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи се објавува на веб-страницата на Министерството за дигитална трансформација најмалку три дена пред одржување на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи.

Член 7

(1) Обуката за безбедност на мрежни и информациски системи се одржува во просторија, предавална за одржување на обука или онлајн.

(2) Во просторијата за одржување на обука, за време на обуката се присутни двајца претставници од Министерството за дигитална трансформација и предавачот (едукаторот) од предметниот модул.

(3) Пред почетокот на обуката за безбедност на мрежни и информациски системи, двајцата претставници од Министерството за дигитална трансформација го утврдуваат идентитетот на кандидатот со увид на документи за лична идентификација.

Член 8

(1) Уверението за завршена обука за безбедност на мрежни и информациски системи (во понатамошниот текст: Уверение) се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на Уверението се дадени во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1441/1
23 јуни 2026 година
Скопје

Министер за дигитална
трансформација,
**Стефан Андоновски с.**р.

ПРИЛОГ БР.1

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

Врз основа на член 53 став (8) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација издава

ЛИЦЕНЦА

за вештачење

На ____________________ (име и презиме) со ___________ (матичен број), роден на _____________ (датум на раѓање) во _______________ (град на раѓање), кој/а “ ги исполнува условите согласно Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) му се издава лиценца за независен ревизор за сајбер безбедност.

Бр. _________________________

МИНИСТЕР ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Скопје, _________________ година

ПРИЛОГ БР.2

Република Северна Македонија

**Министерство за дигитална трансформација**

УВЕРЕНИЕ

за завршена обука (за безбедност на мрежни и информациски системи)

____________________ (име и презиме) со ___________ (матичен број), роден на _____________ (датум на раѓање) во _______________ (град на раѓање), има завршена обука за безбедност на мрежни и информациски системи.

Бр. _________________________

МИНИСТЕР ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Скопје, _________________ година